РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-135/4
07 -02- 2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата а во врска со Пресуда на Вишиот управен суд УРПЖ.бр.--/2023 од ---- година и Пресуда на Управниот суд на РСМ У-1 бр.--/2021 од ---- година, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, се повтори постапката и Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 100-та седница, одржана на ден 06.02.2024 година, ја донесе следнава:

**О д л у к а**

Наводите изнесени во пријавата бр.09-517/1 од 18.02.2019 година се потврдуваат.

Се констатира состојба на судир на интереси што претставува повреда на член 75 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, од страна на службените лица:

- д-р -----директор на ----------- Скопје,
- доц.д-р ---- претседател на Управен одбор ----- Скопје и
- д-р ----вработена во -------- Скопје.

Против наведените лица ќе се преземат дејствија согласно член 77 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето и да се достави до службените лица.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-517 од 18.02.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава против д-р ---- - директор на ------ Скопје, доц.д-р ----претседател на Управен одбор ----- Скопје и д-р ----- - вработена во ----- Скопје .

Пријавата содржи наводи за судир на интереси при спроведување на ---- --- во ------ Скопје.

ДКСК постапувајќи по пријавата, откако ја обезбеди потребната документација и ја утврди фактичката состојба, донесе Одлука бр.09-5205/1 од 18.11.2021 година со која констатира постоење состојба на судир на интереси од страна на наведените лица во пријавата, бидејќи како службени лица во вршењето на својата службена должност и функција на која се именувани, се нашле во состојба на судир на интереси.

Незадоволни од донесената одлука, именуваните поведоа управен спор пред Управниот суд, кој со пресуда У-1.бр.---/2021 од ---- година ја одби тужбата како неоснована. Против оваа пресуда беше поднесена жалба до Вишиот управен суд, кој

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

со пресуда УРПЖ.бр.–/2023 од --- година ја уважи жалбата на именуваните и ја поништи оспорената Одлука бр.09-5205/1 од 18.11.2021 година на Државната комисија.

Според Вишиот управен суд во случајот не е доволно јасно дали се испочитувани законските одредби во постапката за утврдување судир на интереси, поради што смета за потребно со сигурност да се утврди дали се испочитувани законските рокови од член 76 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, член 43 став 1 и член 55 став 2 од Деловникот за работа на Комисијата со цел да се утврди дали се запазени предвидените рокови за постапување и донесување на соодветни одлуки за постоење или непостоење на судир на интереси. Воедно, според судот е потребно да се преиспита применливоста на член 168 од Законот за ---- за учество во ------ --- и дали во случајов се работи за авторски надомест или хонорар односно спонзорство.

ДКСК имајќи ја предвид пресудата на Вишиот управен суд и дадените напатствија во неа, ја повтори постапката по доставената пријава со наводи за состојба на судир на интереси и откако ги ценеше сите обезбедени докази ја констатира следната фактичка состојба:

Се констатира дека Државната комисија по пријавата постапувала во согласност со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, кој претставува lex specialis во постапувањето и се запазени роковите, што е едно од напатствијата на Вишиот управен суд во донесената пресуда.

Во насока на дадените напатствија од Вишиот управен суд да се утврди дали во конкретниот случај се работи за авторски надомест, хонорар или спонзорство, имајќи го предвид склучениот договор, од чија содржина произлегува дека на --- им се исплаќа хонорар, ДКСК јасно и недвосмислено констатира дека во конкретниот случај се работи за надоместок, односно дополнителни приходи. Ова е во согласност со член 168 од Законот за ---- --- и според ДКСК не е спорно, туку спорна е состојбата во која се нашле наведените лица со тоа што директорот на ---- потпишала Договор во име и за сметка на институцијата каде ја извршува функцијата како директор, а од друга страна е еден од корисниците на хонорар како финансиски интерес кој произлегува од тој договор, претседателот на Управниот одбор, присуствувал на седницата кога се носела одлука за одобрување на ова ---- и е еден од потписниците, додека пак третото лице која е вработена на ------ и еден од членовите на ---, истовремено е сопруга на управителот на правното лице кое е претставник на ----- и како таква е опфатена под поимот ,,блиско лице,,. Оттука, суштинско за прекршување на одредбите на судир на интереси е двојната улога во која се нашле именуваните како потписници и учесници во ----, заради која имаат приватен интерес што може да влијае врз извршувањето на нивните овластувања и должности. Согласно јасно пропишаните одредби, тие биле должни да ги преземат сите неопходни мерки за да го спречат влијанието, а од причини што не ги презеле и не се изземале, сторена е повредата на одредбите кои ја уредуваат состојбата на судир на интереси.

Наведеното произлегува од следната фактичка состојба која се утврди од обезбедената документација во постапката:

Имено, по добиено позитивно мислење од страна на ---- комисија за ---- поврзани со ------ и одобрено од ----, ----, Скопје има склучено Договор број --- од 08.11.20-- година, за спроведување на ---- -- ----.

Согласно одредбите на Договорот, хонорарите на --- тим и на ---- зависат од спроведените активности утврдени со протоколот и договорите со ----. Ова се потврдува и од Одговорот добиен од --- заведен под број 09----/2 од 03.02.20-- година. Хонорарите

за --- тим ќе се вршат во рамките на утврдениот буџет за ----, врз основа на поединечни договори, преку авторска агенција.

Понатаму, се констатира дека ---- на ----- --- се д-р --- - директор на ------ Скопје и д-р - Претседател на Управниот одбор на истата ----, кои се избрани од ---. Ова е видно од Одобрението за спроведување на --- --- со број 03-0-----/0- од 04.09.20– година и од записот од -- седница на --- комисија за -- -- ----, одржана на 18.07.20-- година.

Дел од ---- тим е и д-р ----, исто така вработена на оваа ---.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

Член 2 став (3)

*„Под состојба на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.„*

Член 72 став (2)

*„Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.„*

Член 75 став (1)

*„Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување„.*

Имајќи ги предвид цитираната одредба, Државната комисија констатира судир на интереси кај наведените лица, бидејќи како службени лица имаат приватен интерес кој влијае при вршењето на функцијата, односно службената должност и тоа:

- д-р --- е директор на ---- Скопје и ------ на --- ---, а приватниот интерес произлегува од точка 9.4 од потпишаниот договор, каде јасно е наведено дека Институцијата прифаќа и се согласува дека --- (во случајот директорката на --- и претседателот на Управниот одбор) може да добие директен хонорар за нејзините услуги според нејзиниот договор со ---. Приватниот интерес, особено е видлив во делот од Договорот од истата точка, кои се однесува на Институцијата која потврдува и гарантира дека --- може да склучи директен договор со --- и може да добие директна исплата за своите услуги без да го прекрши договорот за вработување на ---, или со било која полиса со институција или применливи закони и прописи.Институцијата осигурува дека --- дава писмена потврда дека со склучување на таквиот договор, --- нема да ги прекрши законите што се применуваат, а во точка 6.2 од Договорот, се наведува дека ниту една договорна страна нема да врши никакви активности кои сè забранети со локалните антикорупциски закони. Оттука, е јасно видливо дека --- Скопје, како една договорна страна преземала обврска за почитување на позитивните законски прописи, кое нешто не е сторено од страна на именуваната, која во моментот на

потпишување на договорот, ја вршела функцијата директор и била должна да се изземе, токму заради постоење на нејзин приватен и финансиски интерес, за да овие околности не влијаат на вршењето на нејзините овластувања кои произлегуваат од вршењето на функцијата.

- д-р ---, како претседател на Управниот одбор на --- Скопје, истовремено е --- на --- --- содржано во Договорот. Така, на седницата на Управниот одбор одржана на ден 04.10.20-- година, донесена е Одлука број 02---/8, со која се одобрува спроведување на ----- -- и со која се задолжува ВД Директорот на -- во име и за сметка на ---, да ги преземе сите потребни дејствија и да ги склучи потребните договори за --- ----. На оваа седница бил присутен д-р ---, кој истовремено е --, одлуката е донесена едногласно и истата е потпишана од негова страна.Оттука, јасно и недвосмислено се утврдува состојбата на судир на интереси, бидејќи именуваниот од една страна има приватен интерес како ---, за што добива хонорар, а од друга страна се јавува во својство на именувано лице кое во вршењето на функцијата е должно непристрасно да постапува.

- д-р ---- како вработена на ---- Скопје, исто така е во ---- тим на д-р -.Именуваната се нашла во состојба на судир на интереси, затоа што правното лице Друштво за -- Скопје, што се јавува како една од договорните страни, е управувано токму од сопругот на ---, односно ,,блиско лице,, во смисла на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Приватниот интерес е видлив преку хонорарот што го добива именуваната за својот ангажман во – тим.

Наведените службени лица не постапиле согласно обврската од член 75 став 1 од Законот, односно не побарале да бидат изземени и не запреле со своето постапување, како што предвидува законската одредба.

Државната комисија врз основа на вака констатираната состојба на судир на интереси, ќе преземе дејствија согласно член 77 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

*став (1) ,,Ако Државната комисија констатира постоење на судир на интереси, е должна за тоа да го извести службеното лице и да побара од него во рок од 15 дена од доставување на одлуката да го отстрани судирот на интереси.*

*став (2) Ако службеното лице постапи по барањето од ставот (1) на овој член, Државната комисија ја запира постапката и за тоа ги известува службеното лице и подносителот на пријавата.*

*став (3) Ако службеното лице не постапи по барањето од ставот (1) на овој член и за тоа не ја извести Државната комисија во утврдениот рок, Државната комисија без одлагање за тоа го известува надлежниот орган...,,*

Имајќи ги предвид цитираните одредби, Државната комисија ќе им укаже на службените лица кои се опфатени со оваа одлука, дека после добивање на истата, ќе треба да постапат во рок од 15 дена и да ја известат Државната комисија.

Исто така, од Договорот за --- склучен на 08.11.20-- година, точка 2 подточка 2.1 се констатира дека важењето на договорот започнува од датумот на потпишување и ќе продолжи до завршувањето на ---, писмено потврдено од --, а договорните страни проценуваат дека --- ќе заврши на 30-Септември-2024. Државната комисија нема податоци дека има промени во рокот, поради што се заклучи дека и понатаму постојат законските услови за постапување во овој предмет.

Врз основа на наведеното, ДКСК констатира повреда на одредбите кои упатуваат на забрана за вршење други дејности со цел владеење на правото и почитување на начелото на интегритет.

ДКСК цени дека на овој начин ќе овозможи совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно вршење на јавните овластувања особено кај избрани лица кои извршуваат функции доверени од државата или како вработени.

Со почитување на јасни и децидно уредени законски одредби нема да има можност за создавање на погрешна перцепција при вршењето на функции од страна на избраните и именуваните лица. Наведеното е и во функција на зачувување на угледот на ---, каде именуваните ги извршуваат своите службени должности.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: С.П.Д-член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk